Република Македонија
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Бр. 44.1-9140/1**
**30.10.2018 година**
**Скопје**

05 11 2018
08 5578/13

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 30.10.2018 година, го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 5, став 3 од Законот за правосудниот испит, поднесено од пратеникот Ивана Туфегџиќ и притоа го утврди следново

## МИСЛЕЊЕ

Имено, согласно член 5 став 3 од Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Македонија" бр.137/13 и 153/15) "Испит можат да полагаат и лица кои се дипломирани правници кои студирале според Болоњската декларација и имаат 300 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) со работа од најмалку една година на правни работи во суд, јавно обвинителство, државен правобранител, народен правобранител, адвокат, нотар и извршител".

Во досегашната пракса на Министерството за правда во однос на член 5 став 3 од Законот за правосудниот испит, стажот од најмалку една година на правни работи се смета по стекнување 300 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС).

Согласно горенаведеното, Владата на Република Македонија смета дека член 5 став 3 од Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Македонија" бр.137/13 и 153/15) е јасен и прецизен и нема потреба од автентично толкување на истиот.

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

**м-р Радмила Шекеринска Јанковска**